ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА

УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП

# ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ ОД НАУЧНО-СТРУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА

## „СОСТОЈБИ И ПЕРСПЕКТИВИ ВО ТУРИЗМОТ, ЕКОНОМИЈАТА И БИЗНИС ЛОГИСТИКАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“




Штип, 2016

**Издавач:**

Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Факултет за туризам и бизнис логистика

**Уредници:**

Проф. д-р Никола В. Димитров

Доц. д-р Дејан Методијески

**Организациски одбор:**

Проф. д-р Никола В. Димитров
Доц. д-р Дејан Методијески
Асистент докторанд м-р Душица Санева
Асистент докторанд м-р Оливер Филипоски
Асистент докторанд м-р Кристина Ковачевиќ
Асистент докторанд м-р Наташа Колевска Асистент докторанд м-р Душко Јошески

**Програмски одбор:**

Проф. д-р Никола В. Димитров
Проф. д-р Нако Ташков
Проф. д-р Златко Јаковлев
Проф. д-р Цане Котески
Проф. д-р Мичо Апостолов
Доц. д-р Дејан Методијески
Доц. д-р Марија Магдинчева Шопова Доц. д-р Тања Ангелкова Петкова **Печати:**

Печатница „2ри Август" - Штип

**Тираж:**

100 примероци

**Дизајн на корица:**

Доц. д-р Дејан Методијески
Проф. д-р Никола В. Димитров
**Фотографии за корица:**

М-р Васко Златковски

**Техничко уредување:**

Доц. д-р Дејан Методијески

**Лектор:**

Вангелија Цавкова

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје
616.314-08(075.8)
616.314-74(075.8)
НАУЧНО-стручна конференција "Состојби и перспективи во туризмот, економијата и бизнис логистиката во Република Македонија" (2016; Штип)
Зборник на трудови од научно-стручна конференција "Состојби и перспективи во туризмот, економијата и бизнис логистиката во Република Македонија", Штип 28.05.2016 [Електронски извор] [уредници Никола Димитров, Дејан Методијевски]. - Текст во PDF формат, содржи 215 стр., илустр.. - Штип : Универзитет "Гоце Делчев", Факултет за туризам и бизнис логистика, 2016
Начин на пристап (URL): http://js.ugd.edu.mk/. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден
18.07.2016 ISBN 978-608-244-313-3 1. Гл. ств.
насл.
а) Туризам - Економски прилики - Македонија - Собири
COBISS.MK-ID 101453578

## СОДРЖИНА

УЧЕСНИЦИ НА КОНФЕРЕНЦИЈАТА ............................................... 6

ПРЕДГОВОР ОД УРЕДНИЦИТЕ .................................................... 15

ЕКОНОМИЈА И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ........................................... 17

СОСТОЈБИ И ПЕРСПЕКТИВИ ВО ТУРИЗМОТ, ЕКОНОМИЈАТА И БИЗНИС ЛОГИСТИКАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Никола В. Димитров ......................................................... 18**

ОРГАНИЗАЦИЈА НА НАУЧНИ И СТРУЧНИ КОНФЕРЕНЦИИ И НИВНИОТ ПРИДОНЕС ВО НАУКАТА

**Дејан Методијески, Душица Санева .................................. 26**

ОСНОВНИ ПОСТАВКИ НА МЕНАЏМЕНТОТ НА СИНЏИР НА СНАБДУВАЊЕ И БИЗНИС ЛОГИСТИКАТА

**Мичо Апостолов, Лилјана Здравковска, Наташа Апостолова.................................................................. 36**

ЛОГИСТИЧКИОТ МЕНАЏМЕНТ ВО ФУНКЦИЈА НА ТУРИСТИЧКИТЕ ДЕСТИНАЦИИ

**Христина Филипоска, Оливер Филипоски .......................... 48**

ПРИМЕНА НА TQM (TOTAL QUALITY MANAGEMENT) СИСТЕМ ВО КОМПАНИИ

**Александра Ташевска ....................................................... 57**

ТРАНСПОРТНИ СИСТЕМИ

**Моника Станковска ........................................................... 64**

СОСТОЈБИ И МОЖНОСТИ ЗА РАЗВОЈ НА МАЛИОТ БИЗНИС ВО ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

**Марија Магдинчева Шопова, Магдалена Мицева ............... 74**

ПРЕТПРИЕМАЧКА ИНИЦИЈАТИВА И РАЗВОЈ НА ЗДРАВСТВЕНИОТ ТУРИЗАМ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА, БОГДАНЦИ И ДОЈРАН

**Марија Магдинчева Шопова,Симона Савиќ,Убавка Вегова..86**

ПРЕТПРИЕМАЧКА ИНИЦИЈАТИВА ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ТУРИСТИЧКАТА ПОНУДА ВО ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

**Марија Магдинчева Шопова,Љупка Атанасова,Вера Митровска ............................................................................................ 95**

ТУРИЗАМ И УГОСТИТЕЛСТВО ....................................................105

УСЛОВИ И ПЕРСПЕКТИВИ ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ВО ГРАДОВИТЕ ШТИП И КОЧАНИ И НИВНАТА ОКОЛИНА

**Златко Јаковлев, Цане Котески, Дарко Шпиртов ........... 106**

МОЖНОСТИ ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ТУРИСТИЧКАТА СЕЗОНА

ВО ПООДДЕЛНИ ПЛАНСКИ РЕГИОНИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Андреа Златковска, Јулијана Саздова ............................ 112**

ТУРИСТИЧКИ ЗНАМЕНИТОСТИ ВО СЕВЕРОИСТОЧНИОТ РЕГИОН НА МАКЕДОНИЈА

**Цане Котески, Златко Јаковлев, Драгана Солтировска .. 125**

ПРОЦЕСНИ ИНОВАЦИИ ВО УГОСТИТЕЛСТВОТО

**Николчо Петров, Тања Ангелкова Петкова ..................... 138**

НАТУРИЗМОТ КАКО ДЕЛ ОД МЕЃУНАРОДНИОТ ТУРИЗАМ

**Златко Јаковлев,Благица Арнаудова,Цане Котески.......144**

МЕНАЏМЕНТ НА УСЛУЖНА ДЕЈНОСТ

**Златко Јаковлев,Цане Котески,Душица Матета Гигова..151**

ПРЕЗЕНТАЦИЈА И АНАЛИЗА НА ДЕЛ ОД ПУБЛИКУВАНИТЕ ТУРИСТИЧКИ ВОДИЧИ ВО ПЕРИОДОТ 1954–1979 ГОДИНА И

НИВНАТА УЛОГА ВО ПРОМОЦИЈА НА ТУРИЗМОТ ВО МАКЕДОНИЈА

**Никола В. Димитров, Методи Чилиманов ........................ 160**

КРАТОК ОПИС НА ОСОГОВСКИОТ РЕГИОН

**Нако Ташков, Илија Милосовски .................................... 181**

ТУРИСТИЧКА ВАЛОРИЗАЦИЈА НА МАНАСТИРСКИТЕ КОМПЛЕКСИ ВО ПЕЛАГОНИСКИОТ РЕГИОН

**Љупчо Јаневски, Науме Мариноски ................................ 185**

ИСТРАЖУВАЊЕ НА ТУРИСТИЧКИТЕ ПОТЕНЦИЈАЛИ НА ОПШТИНА ЗРНОВЦИ

**Нако Ташков, Ивана Ананијева, Симона Атанасова .......203**

# ПРЕДГОВОР ОД УРЕДНИЦИТЕ

Зборникот „Состојби и перспективи во туризмот, економијата и бизнис логистиката во Република Македонија" содржи трудови кои се презентирани на истоимената научно-стручна конференција, одржана на 28-ми мај 2016 година во Штип, во организација на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Мотивите за одржувањето на конференцијата се повеќе. Конференцијата им даде можност на младите автори и студенти на втор и трет циклус на студии да ги презентираат и доближат до пошироката научна и стручна јавност своите теоретски и практични истражувања од областа на туризмот, економијата и логистиката. Во најголем дел, нивните трудови се изработени под менторство на професорите кои се истакнати научни работници и потврдени практичари. Од друга страна, Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, изискува објавување на еден труд кој е резултат на истражувањето што е предмет на магистерскиот труд. Важен мотив за одржувањето на конференцијата е социјалниот дел, во кој учесниците имаа можност да се запознаат, разменат мислења, дискутираат и остварат вмрежување. Преку конференцијата, промовиран е градот Штип како туристичка дестинација, а од друга страна, позитивно влијае на имиџот на Факултетот за туризам и бизнис логистика.

На конференцијата беа покренати бројни прашања, изнесени одделни размислувања и дилеми што со својата актуелност го зафатија научно-стручното поле на расправата, што резултираше со овој зборник. За понатамошна соработка и доближување до читателите, на почетокот на зборникот се претставени авторите со фотографија и кратка биографија, а покрај насловите на трудовите наведени се и нивните електронски адреси.

Од содржинска гледна точка, зборникот дава свој придонес во зголемување и збогатување на постоечката литература од областа на туризмот, економијата и логистиката. Тој е важен за заедницата на образовниот, јавниот и невладиниот сектор, како и стопанските организации кои се занимаваат со оваа проблематика. Тематски е поделен на два дела: Теми од економија и бизнис логистика, каде има девет труда и Теми од туризам и угостителство, каде се претставени

десет труда. Зборникот содржи над 200 страници текст од триесет и тројца автори, во кои за подобра презентација се користат графикони, табели и фотографии.

Како уредници на зборникот, ја користиме оваа прилика да искажеме благодарност до сите учесници на конференцијата, како и до колегите кои дадоа свој придонес во организацискиот и програмскиот дел на конференцијата.

Низ презентираните текстови и материјали, во зборникот се открива големото значење и современите тенденции на туризмот, економијата и логистиката во нашата земја. Исто така, реакциите од страна на учесниците беа позитивни во однос на успешната организација на конференцијата. Поради овие причини, се надеваме дека во иднина оваа конференција ќе добие меѓународен карактер и ќе доживее голема традиција.

**Никола В. Димитров**

**Дејан Методијески**

# ЕКОНОМИЈА И БИЗНИС ЛОГИСТИКА

УДК 334.722:[338.48-6:615.8 (497.715) 334.722:[338.48-6:615.8 (497.743)

# ПРЕТПРИЕМАЧКА ИНИЦИЈАТИВА И РАЗВОЈ НА ЗДРАВСТВЕНИОТ ТУРИЗАМ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА, БОГДАНЦИ И ДОЈРАН

**Марија Магдинчева Шопова, Симона Савиќ, Убавка Вегова**

marija.magdinceva@ugd.edu.mk
s.karagoseva@gmail.com
ubavka.vegova@gmail.com

**Клучни зборови:** здравствен туризам, развој, Гевгелија, Богданци, Дојран.

**Апстракт**

Согледувајќи ги можните потенцијали, расположливи туристички капацитети и самата местоположбата, се констатира дека општините Гевгелија, Богданци и Дојран претставуваат добра основа за развој на здравствениот туризмот и прераснување во профитабилна деловна дејност со богата туристичка понуда. Во овој труд ќе направиме анализа на веќе постоечките здравствени капацитети и истражување на потенцијалните места за прераснување во конкурентен и профитабилен туристички бизнис, преку поврзување на постоечката туристичка понуда и новите содржини. За да се постигне тоа, потребно е да има планиран развој, континуирана обука на сопствениците на капацитетите и обезбедување на поддршка за развојот на туризмот во општината преку партиципација на надлежните институции и општинските капацитети.

## Вовед

Туризмот е еден од најважните индустриски сектори и еден од најкарактеристичните глобални феномени во XXI век. Значењето на туризмот е огромно, бидејќи тој ја храни економијата, го стимулира развојниот процес, го оживува и негува природното и културното наследство и придонесува за национална интеграција на луѓето. Туризмот претставува патување заради одмор, забава, лекување и

разгледување на знаменитости[64]. Поради тоа, туристичката понуда треба да содржи интересни и прифатливи содржини со кои би ги мотивирала потенцијалните туристи да остварат одредено туристичко патување со здравствени цели.

Современите трендови на глобализација доведуваат до зголемување на барањата на туристите и нивно насочување кон нови туристички содржини кои сѐ уште се недоволно туристички афирмирани.

Медицински или здравствен туризам, всушност, претставува патување на луѓето во рамки на својата земја и во други земји или во странство со цел добивање на подобра медицинска услуга или третман во избраната дестинација. Медицински туризам, всушност, претставува третман или користење на одредена услуга поврзана со лекување или здравствена нега во форма на операција, стоматолошка процедура, бањско лекување, алтернативна медицина и сл.

Во минатото било тренд да се патува од помалку развиените во подобро развиените земји заради подобрите услови за лекување. Денес, од подобро развиените земји се патува во помалку развиените земји со цел да се добие истата медицинска услуга по поповолни цени, односно услови.

Општините Гевгелија, Богданци и Дојран поради својата поволната географска положба, близината на граничниот премин кон Република Грција, близината на Кожуф Планина и локалитетот Смрдлива Вода, изворите на термални и минерални води, климатските и вегетациските карактеристики, близината на Дојранското Езеро и неговиот природен потенцијал има одлични предуслови за развој на здравствениот туризам.

Туристите имаат желба да бидат поблиску до природата. Желбите на туристите да бидат што е можно поблиску до природата ги принудува домаќините да ја разубават околината, да одделат

---

[64] Муќиновиќ, Љ., „Современ лексикон на странски зборови и изрази", Наша книга, Скопје, 1990 г. стр. 602.

повеќе средства за зачувување на објектите и природните вредности[65].

Во овој труд ќе биде прикажана состојбата на здравственотуристичката понуда и потенцијалите за развој на овој дел од туризмот. Разгледувајќи ја и анализирајќи ја сегашната понуда, ќе бидат предложени нови идеи и иницијативи за проширување и збогатување на туристичката понуда, преку што ќе се овозможи забрзан развој на здравствениот туризмот и воопшто севкупниот развој на општините Гевгелија, Богданци и Дојран.

## Здравствено-туристичка понуда – Поим и карактеристики

Здравствениот туризам претставува посебен облик на туризам кој има забележлив тренд на експанзија. Причина за развој на здравствениот туризам се ниските цени кои нашата земја ги нуди за различни видови лекарските услуги. Во класична смисла на зборот, туристичкиот пазар се состои од понуда и побарувачка.

Здравствената туристичка понуда се состои од расположливите природни ресурси и капацитети кои можат да понудат здравствени услуги. Соодветната туристичка понуда секогаш се прилагодува кон побарувачката. Иако понудата се прилагодува кон побарувачката, сепак, меѓу туристичката понуда и побарувачка постои меѓусебно влијание и поврзаност. Целта на понудата не е само да ги задоволи постојните желби и потреби на туристите, туку и да иницира создавање на нови потреби и желби кај потрошувачите.

Побарувачката се состои од туристи, односно купувачи на услугите изразено преку нивните потреби, кои имаат потреба и се подготвени да ги користат медицинско-туристичките услуги.

Туристичката понуда е противтежа во однос на туристичката побарувачка во рамките на туристичкиот пазар. Побарувачката дејствува на формирање на понудата, но и понудата со одреден интензитет дејствува на формирање на побарувачката, а со тоа и на потрошувачката. Побарувачката е иницирана со човечки потреби, а

[65] Методијески, Д., Димитров, Н., Интерна скрипта „Рурален туризам", Универзитет „Гоце Делчев" Штип, Факултет за туризам и бизнис логистика, Штип 2012, стр. 44.

постоењето на понудата и куповната сила на побарувачката ја резултираат потрошувачката[66].

Туристичката понуда ја сочинуваат услугите на стопанските дејности кои го сочинуваат туристичкото стопанство и останати стопански и нестопански дејности кои учествуваат во задоволување на потребите на домашните и странски туристи. Исто така, овде треба да се имаат предвид и други атрактивни фактори во кои припаѓаат природните и општествените услови.

Туристичката понуда има комплексен карактер. Одредена туристичка потреба може да се задоволи само доколку таа во себе содржи поголем број поединечни и разновидни добра кои меѓу себе ќе бидат синхронизирани на тој начин што ќе дадат еден туристички производ што ќе задоволи најголем дел од туристичките потреби. Од друга страна, за задоволување на разновидните потреби на туристите, потребно е истовремено учество на голем број различни субјекти што ќе учествуваат во формирањето на туристичка понуда. Вака сложените односи во рамките на туристичка понуда стануваат уште посложени колку што туристичката понуда станува побогата.

**Предуслови за развој на здравствениот туризам**

Југоисточниот дел од Република Македонија е погоден за развој на медицинскиот туризам. Самата местоположба и природните ресурси со кои располагаат општините Гевгелија, Богданци и Дојран се поволни за развој на медицинскиот туризам. Овој дел може секогаш да понуди повеќе од тоа што се очекува, затоа што, според бројот на природни здравствени капацитети, хотели, мотели, преноќевалишта, може да се каже дека во општините Гевгелија, Богданци и Дојран постои добра основа за креирање на квалитетна туристичка понуда со разновиден избор на природни ресурси – туристички капацитети, со можности за сопствен избор на туристите, во зависност од потребата за нивен медицински третман.

Туристичкиот локалитет Смрдлива Вода се наоѓа на оддалеченост од 24 км од Гевгелија, познат е по природната минерална вода и нејзината лековитост. Лековитата смрдлива вода се користи за лекување на стомачни заболувања, камен во бубрегот,

---

[66] Котески, Ц., Истражување на туристичкиот пазар, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, Факултет за туризам и бизнис логистика, Штип, 2011, стр. 13.

песок и поситен камен во мочните меури, воспаление на мочните органи.

Смрдлива Вода е локалитет кој е идеален за развој на здравствениот туризам со терени погодни за планинарење, спорт како и сместувачки капацитети за престој на туристите. Според Статев, во руралните средини можат да бидат развиени следните дополнителни дејности како: здравствени активности, фитнес, минерални бањи и спа центри[67].

Негорски Бањи претставуваат модерен здравствен и туристички центар кој се наоѓа на 3 км оддалеченост од Гевгелија и нуди продолжен третман и рехабилитација на пациенти. Негорските Бањи поседуваат модерно опремени простории за сите видови на терапија од областа на физикална медицина и рехабилитација со сместувачки капацитети кои можат да примат голем број туристи. Ексклузивноста на Негорските Бањи се состои во лековитоста на минералната вода, којашто извира во подрачјето на Негорски Бањи.

Дојранското Езеро е најмалото тектонско езеро во Република Македонија со површина од 43,1 км2. Температурата на водата е една од најзначајните вредности на езерото.

Поради јодот кој го испуштаат алгите за време на нивното цветање (јули-август), водата на езерото е многу лековита, посебно за лечење на проблеми со синусите, бронхит, настинки, зараснување на рани и исеченици. Лековитоста на водата привлекува голем број туристи, највеќе семејства со мали деца. Калта од Дојранското Езеро е далеку поквалитетна од калта во Црното Море. Истата се користи за терапевтски третмани богата со минерали и благопријатно дејствува на кожата, но и на ревматични болки.

Водата во својот состав содржи калциум, магнезиум, рубидиум, цезиум, радон и други минерали и ги лечи сите видови ревматски заболувања, дегенеративни заболувања на коски, зглобови и 'рбетен столб, посттраумски и постоперативни состојби во ортопедијата, остеопороза, заболувања на нервниот систем, кожни заболувања итн.

Наведените туристички капацитети поседуваат основни услови за сместување на туристите. Нов тренд во развојот на медицинскиот

[67] Статев, В., „Селски туризам", Фабер, Велико Трново, 2007, стр.97

туризам претставува стоматолошкиот туризам кој забележува зголемена тенденција на развој во последните 10 години.

Добрата местоположба на нашите населени места ги привлекува туристите, во најголем дел од нашиот јужен сосед, Грција.

На подрачјето на општина Гевгелија постојат околу 30 приватни стоматолошки ординации кои нудат професионални стоматолошки услуги. Стоматолошките ординации се екипирани со најдобриот стручен кадар од лекари стоматолози и лекари стоматолози-специјалисти. Дел од стоматолошките ординации во својот состав располагаат со соодветни капацитети за сместување на пациентите и поседуваат услови за обезбедување на 24 часовен третман – хотелско сместување, превоз до потребните дестинации.

Во услови на зголемена конкуренција во областа на стоматолошкиот туризам, сите претприемачи-сопственици на стоматолошки ординации се насочени кон создавање на најдобра понуда, квалитетна услуга, со цел на најдобар начин услужени и задоволни пациенти.

Предизвик за претприемачите и туристичките работници и, истовремено, потенцијал за економски развој, претставува можноста која се јавува како резултат на постоечките капацитети преку продолжување на времетраењето на престојот на пациентите – туристи, откривање на начини за повторно враќање на туристите и привлекување нови туристи.

## Претприемачка иницијатива како начин за збогатување на туристичката понуда на општина Гевгелија

Претприемачката иницијатива претставува основа за развој на малите претпријатија. Големо значење во процесот на претприемачко размислување има окружувањето, но и самиот сопственик – претприемачот кој е креатор и носител на новите развојни идеи.

Можноста за претприемачите е состојба во која промените во технологијата или во економските, политичките, општествените и демографските услови создаваат потенцијал за создавање на нешто ново[68].

---

[68] Ardichvili Al, Cardozo R., Ray S., A theory of entrepreneurial opportunity identification and development, Journal of Business Venturing 18, 2003, pp. 105124.

Претприемачите секогаш треба да размислуваат за тоа дали новите содржини претставени преку нови производи или услуги ќе ги задоволат потребите на туристите-потрошувачи, дали цената е соодветна на можностите и способноста на туристите-потрошувачи да ги предвидат идните однесувања на конкурентните претпријатија како одговор на новосоздадените содржини. Во суштина, размислувањата на претприемачите се насочени кон тоа како на најбрз начин новите содржини материјално да се вреднуваат. Одлуките на претприемачите за започнување со бизнис произлегува од верувањето дека откриле можност која никој друг ја нема препознаено, па така тие можат да заработат со тоа што ќе бидат први на пазарот[69].

Од аспект на збогатување на туристичката понуда во подрачјето на здравствениот туризам во општините Гевгелија, Богданци и Дојран, како можни начини би биле следниве:

- Дефинирање на микро дестинации на здравствените капацитети во општините Гевгелија, Богданци и Дојран;
- Синхронизација на врските помеѓу туристичките субјекти и сместувачките капацитети во состав на стоматолошките ординации;
- Вработување на менаџери за привлекување на пациенти потенцијални туристи;
- Поддршка за обезбедување на превоз на пациентитепотенцијални туристи до здравствените капацитети;
- Поврзување на здравствениот туризам со другите сегменти на туризмот: казино, шопинг туризам итн., и
- Подобрување на здравствената понуда со конкурентни цени и услуги

## Можности и ограничувања за развој на здравствениот туризам во општините Гевгелија, Богданци и Дојран

Претприемачкото однесување на претпријатијата е поврзано со застапеноста на иницијативноста, иновативноста во работењето и

[69] Durand R., Coeurderoy R.: Age, order of entry, strategic orientataion, and organizational performance, Journal of Business Venturing 16, 2001, pp. 471494.

постојаното збогатување со нови содржини. Иновативноста се поврзува со постојаното прилагодување на претпријатијата кон промените во окружувањето, а иницијативноста во работењето со процесот на воведување на нови, оригинални идеи во работењето или започнување со претприемачка активност од мал обем преку воведување на нови начини и форми на работа.

Развојот на здравствениот туризам во општините Гевгелија, Богданци и Дојран е поттикнат од одредени активности кои истовремено претставуваат предности или можности како што се:

- Добрата географска местоположба и природната клима;
- Комуникациските врски;
- Расположливите медицински капацитети и
- Постоечката понуда на висококатегоризирани хотели за сместување на туристи.

Покрај постоењето на предностите или можности за развој на здравствениот туризам, присутни се одредени ограничувања кои се изразени преку:

- Непостоење на дефинирана туристичка понуда;
- Несинхронизираност на здравствениот туризам со другите форми на туризам како што се казино туризмот, шопинг туризмот и сл.;
- Незаинтересираноста на туристичките агенции за промоција на здравствениот туризам и
- Непостоење на менаџери за привлекување на туристи.

## Заклучок

Како резултат на природно-географските фактори и услови, Гевгелискиот регион претставува подрачје кое поседува големи потенцијали за развој на различни форми на туризмот. Претприемачката иницијатива во развојот на туристичката понуда е содржана во пристапот на проектирање на стратегија за развој на туризмот, инвестирање во развој на современи туристички капацитети, поттикнување на нови содржини на туристичката понуда и обезбедување соодветна институционална поддршка. Општините Гевгелија, Богданци и Дојран можат на најразлични начини да обезбедат институционална поддршка преку која ќе се поттикне развојот на туризмот. Соработката помеѓу субјектите кои ја креираат туристичката понуда, човечките ресурси, административните и

образовни институции на подрачјето на наведените општини, СОУ „Јосиф Јосифовски" – Гевгелија и Факултетот за туризам и бизнис логистика – Гевгелија во делот на едукација, образование, стручно усовршување и воспоставување на други најразлични облици на соработка, претставува основа за развој на современи форми на туризам, меѓу кои припаѓа здравствениот туризам. За да се усогласат сите елементи, неопходна е координација на сите субјекти кои се вклучени во секторот туризам.

Преку процесот на валоризација на туристичките вредности и туризмот, како сложена општествено-економска активност која вклучува многу различни видови и структурни способности (економски, културни, технолошки, еколошки и др.), се создаваат услови за унапредување на економскиот развој на општините Гевгелија, Богданци и Дојран.

**Користена литература:**


Ardichvili Al, Cardozo R., Ray S.: A theory of entrepreneurial opportunity identification and development, Journal of Business Venturing 18, 2003, pp. 105-124;

Durand R., Coeurderoy R.,: Age, order of entry, strategic orientataion, and organizational performance, Journal of Business Venturing 16, 2001, pp. 471-494;

Котески, Ц., Истражување на туристичкиот пазар, универзитет „Гоце Делчев", Штип, Факултет за туризам и бизнис логистика, Штип, 2011, стр. 13;

Магдинчева-Шопова, Марија (2012), Општи услови и начини за започнување со претприемачка активност, Печатница Софија, Богданци, стр. 56;

Шопова, Марија (2014), Претприемачот на XXI век, Печатница Софија, Богданци, стр.32;

Методијески, Д., Димитров, Н.: Интерна скрипта „Рурален туризам", Универзитет „Гоце Делчев" Штип, Факултет за туризам и бизнис логистика, Штип 2012;

Муќиновиќ, Љ., „Современ лексикон на странски зборови и изрази", Наша книга, Скопје, 1990 г.;

- Статев, В., „Селски туризам", Фабер, Велико Трново, 2007.